Република Северна Македонија
Republic of North Macedonia
Општина Валандово
Municipality of Valandovo


РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 04-146/6
17.02.2020 год.
Валандово

[redacted]


Општина Валандово

ул.„Иво Лола Рибар" бб.
2460 Валандово,
Република Северна Македонија,
тел.: +389 (0)34 382-007
факс: +389(0)34 382-044
е-адреса:
administracija@valandovo.gov.mk
www.valandovo.gov.mk


Врз основа на член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), а согласно Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 43/2020), Секретарот на Општина Валандово донесува

# ОДЛУКА

**За ставање во мирување на започнатата постапка по Интерен оглас бр.01/2020 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово**

1. Од денот на донесувањето на Решението за распишување на предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија, 16.02.2020 година, објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 43/2020 од 16.02.2020 година, **СЕ СТАВА ВО МИРУВАЊЕ** започнатата постапка по Интерен оглас бр.01/2020 за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово.

2. Постапката ќе продолжи по завршувањето на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија.

## Образложение

Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, со Решение бр. 09-1422/1 од 16 февруари 2020 година, распиша предвремени избори за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија и истото е објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" број 43/2020.

Бидејќи како секретар на Општина Валандово, имам покренато и во тек е постапка за унапредување на административен службеник во администрацијата на Општина Валандово, со објавување на Интерен оглас бр.01/2020, истовремено на ВЕБ страните на Агенцијата за администрација и на Општина Валандово, имајќи ја во предвид регулативата од член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборниот законик, со оваа Одлука ја ставам во мирување започнатата постапка за унапредување на административен службеник.

Постапката по предметниот Интерент оглас ќе продолжи по завршувањето на изборите, со спроведување на наредните фази од постапката.

Секретар
на Општина Валандово
Боро Киров